Д-р Зоран Јолевски

# МУЛТИЛАТЕРАЛИЗАМ ИЛИ РЕГИОНАЛИЗАМ?

Декларацијата усвоена на министерската конференција на Светската трговска организација во Доха во 2001 година беше основа за почнување на преговорите во т.н. развојна агенда. Мандатот за преговори е мошне амбициозен и имаше цел да заврши до почетокот на 2005 година. Мандатот на преговорите содржи голем број области, во кои покрај централната тема, создавање услови за најмалку развиените и земјите во развој да ги искористат бенефициите од светската трговија, се вклучени и создавањето на фер и пазарно ориентиран амбиент во областа во земјоделието, каде што има најмногу нарушувања на светскиот пазар, натамошна либерализација на трговијата со индустриски производи и услуги, олеснувања на трговијата и друго.

Во принцип, постои консензус дека треба да им се помогне на земјите во развој да ги искористат придобивките од либерализацијата на светските пазари, но не постои согласност како тоа да се постигне. Земјите во развој се жалат дека стоките за кои имаат конкурентно производство се соочуваат со повисока царинска заштита од просечната на пазарите на развиените индустриски држави. Но кога се отвора прашањето на земјоделието ситуацијата станува мошне комплицирана. Имено во оваа гранка е дозволена употребата на субвенции и царинската заштита повеќекратно е поголема од онаа за индустриските стоки. Овие две политики придонесоа за сериозни нарушувања во производството и трговијата со овој вид стоки. Карнс групата, која ја сочинуваат земји кои се извознички на храна, бараат укинување на извозните субвенции, супстантивно намалување на другите субвенции и намалување на царинската заштита, со тоа што повисоките царински стапки ќе бидат намалени повеќе. Ваквите мерки се непопуларни и ќе ги погодат фармерите од развиените индустриски земји. ЕУ во Хонг Конг прифати до 2013 да ги укине извозните субвенции, притоа барајќи од САД да се откажат од користење мерки со сличен ефект. Судирот натаму продолжува за висината на намалувањето на царините за земјоделските производи, како и за обемот на сензибилни производи што ќе бидат изземени од обврската за намалување.

## Високи царини

Ситуацијата дополнително се усложнува и со преговорите за намалување на заштитата на индустриските производи. Имено некои земји како што се Индија, Бразил и Кина имаат просечна царинска заштита од над 40 отсто, додека, пак, развиените индустриски земји имаат просечни царини под 4 отсто. Економските состојби во овие три држави значајно се променети во последниве две децении и со право развиените членки на СТО сметаат дека тие треба повеќе да ги отворат пазарите. Ова не е само политичка реторика туку е резултат од притисокот од компаниите кои се заинтересирани да преземат поголем дел од пазарот на овие развиени земји.

Временскиот притисок за усогласување на модалитетите за намалување на царините, како и на поддршката на земјоделието произлегува од т.н. акт за брзо усвојување на трговските аранжмани” на САД кој престанува да важи на 1.7.1007 година.. Имено овој акт му наложува на Конгресот на САД по брза постапка, во рок од 6 месеци, да ги прифати во целина или, пак, да ги одбие трговските аранжмани. Затоа и се инсистираше модалитетите да бидат договорени пред летната ферија во СТО, која секоја година е во август. Имено доколку беа усогласени овие модалитети, преговарачите ќе можеа да ги дефинираат текстовите на сите спогодби до крајот на годинава и истите ќе влезеа во постапка за ратификување пред 31.12.2006 г..

Разликите во ставовите што произлегуваат од разликите во интересите на различните групи на членки на СТО се очигледно мошне големи. Прифаќањето на заедничко прифатливо решение во областа на земјоделието ќе значеше напуштање на политиката која се користи повеќе од половина век и намалување на стекнатите права на производителите на земјоделски производи, како и огромно намалување на високите царински стапки за земјоделските и индустриски производи. Доколку ова се прифати, светскиот пазар веќе нема да биде ист. Затоа и министрите на т.н. Г-6 (Австралија, Бразил, ЕУ, Јапонија, Индија и САД) пред три недели не успеа да најдат заеднички јазик.

**Економска дипломатија**

Останува непознаница зошто генералниот директор Паскал Лами не ја презема одговорноста самиот да предложи решение за модалитетите. Дали притисокот за можните политички импликации од големите промени во земјоделската политики на ЕУ, САД и Јапонија, како и од подобрувањето на пристапот на пазарите во најбројните држави (Кина, Индија и Бразил) беа преголем залак за него? Тој беше единствениот кој можеше да предложи компромисно решение. Но овој искусен и агилен преговарач не ја искористи оваа карта. Очигледно дека мултилатералниот трговски систем е во криза. Дали Лами во текот на овој месец подготвува изненадување, или, пак, дефинитивно паузата во преговорите ќе потрае? Колкава ќе биде таа, 6 месеци или, пак, 3 години, како што некои дипломати најавуваат? Одговорот на сите овие прашања ќе биде познат наскоро.

Најсилните бизнис-асоцијации од САД, ЕУ, Јапонија, Бразил само два дена по суспензијата на преговорите во заедничко коминике побара што поитно да се обноват, бидејќи нивното од успешно завршување придонесува за натамошен развој на светската економија преку искористување на бенефициите на либерализацијата на меѓународната трговија.

Некои аналитичари како алтернатива на глобалните преговори за либерализација предлагаат проширување на регионалните трговски преговори. Како одговор на одбивањето на напредните земји во развој да ги отворат своите пазари, на маса е ставена идејата за создавање зона на слободна трговија меѓу развиените индустриски земји од Европа, Америка и од Азија бидејќи нивната просечна царинска заштита е под 4 отсто. Истовремено се' побројни се

иницијативите за склучување спогодби за слободна трговија. Дали пред нас е период во кој регионализмот ќе оствари доминација над мултилатерализмот?

Првиот директор на Светската трговска организација, Ренето Руџеро, веднаш по основањето на СТО во 1996 година со право истакна дека е неопходно иницијативите за мултилатерална либерализација да не заостануваат зад регионалните.

САД неделава изјави дека ќе го разгледа повлекувањето на трговските преференцијали што ги дава на Јужна Африка, Бразил, Индија и уште 10 други напредни земји во развој.

Светската економска дипломатија е пред дилемата дали ќе успее да постигне задоволителен напредок на глобално ниво или, пак, ќе препушти регионализмот да стане доминантен процес. За светската економија и за економскиот просперитет на сите држави најдобро е доколку овие два процеса се одвиваат паралелно и заемно се надополнуваат, во спротивно ќе дојде до создавање уште поголеми трговски блокови и ќе се зголеми јазот меѓу нивото на развиеност.